МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА

## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

**Предлог-закони утврдени на седница на Владата во период од 1 до 30 ноември 2017 г.**

25

13 — Бр. на предлог-закони со запазен минимален рок за консултации на ЕНЕР

4 — Бр. на предлог-закони со отстапки од запазување на минимален рок за консултации на ЕНЕР

2 — Утврдени на Влада, „Затворени" на ЕНЕР

15 — Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР

8 — Бр. На предлог- закони кои се утврдени на Влада, но не се објавени на ЕНЕР

**Табела.** Преглед на објавени предлог-закони по министерства и почитување на минимален рок за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од минимален рок за консултации | % на отстапки од минимален рок за консултации |
|---|---|---|---|
| МИОА | 9 | 0 | 0% |
| МП | 2 | 0 | 0% |
| МФ | 5 | 4 | 80% |
| МТСП | 1 | 0 | 0% |
| **Вкупно** | 17 | 4 | 24% |

***www.ogledalonavladata.mk***

*Во рамките на проекто се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР). За повеќе информации посетете го сајтот www.ogledalonavladata.mk.*

**минимален рок за консултации на ЕНЕР е 20 дена*

**Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР**

**бр. 25**

**кај 13 предлог-закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

**кај 4 предлог-закон е забележано отстапување од минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 20 дена од денот на објавувањето.

**Што се следи?**

**Предлог-закони отворени на ЕНЕР**

**Како се следи?**

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог-закон**

**Датум на поставување на документи**

**Период кој што е даден како можноста за давање коментари**

**Содржина на поставени документите**

**Како се одредува период на консултации?**

**Периодот според бројачаникот достапен на ЕНЕР.**

**Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.**

**„Отворен" значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста.**
**„Затворен" значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.**

## ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите поставени на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) кои во текот на ноември биле утврдени на седница на Владата. Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 20 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 36/08*).

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула.
Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието на Република Македонија и од записниците достпани на веб-страницата на Владата на Република Македонија.

## РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 1 до 31 ноември 2017 г., на седница на Владата беа утврдени 25 предлог-закони. Од нив 17 беа објавени на ЕНЕР. Иако се веќе утврдени на седница на Влада само кај два од нив е објавен конечен текст на предлог-закон кој што е и испратен до Собрание за усвојување, што значи 15 предлог-закони се уште стојат со статус „Отворен".

Во текот на ноември, минималниот рок за консултации на ЕНЕР беше запазен кај 13 предлог закони (76%). Отстапка беше забележана кај четири предлог-закон (24%). Се работи за: Предлог на закон за изменување на Законот за платниот промет, Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на сметководствени работи, Предлог на Закон за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и Предлог на Закон за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви, сите се предложениод страна на **Министерството за финансии**. Текстовите на нацрт закони се објавени и достапни, но не е испочитуван минималниот рок за консулатации.

**Започнувајќи од овој месечен преглед ќе се разгледуваат и содржински предлог закони кои се објавени на ЕНЕР и кои се од значење за работењето на граѓанските организации.**

**Преку овој осврт ќе се овозможи организациите на поедноставен начин да се запознаат со содржината на предложените закони и значење кои тие би го имале врз нивното работење.**

**Во овој број:**

**Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител**

**Се предвидува да се воспостави механизам за граѓанска контрола во состав на Народниот правобранител, како надворешно тело кое ќе има за цел да ја зајакне заштитата на човековите права во согласнсот со стандардите на Советот на Европа и други меѓународни стандарди.**

**Линк до сајтот на ЕНЕР: https://goo.gl/rsfYe1**


**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Ул. Никола Парапунов 41а, Скопје

www.mcms.mk


## Краток осврт на предлог Законот за изменување и дополнувања на Законот за Народен правобранител

Министерството за правда се јавува како предлагач на измените и дополнувањата на Законот за Народниот правобранител. Целта е да се овозможи воспоставување на Народниот правобранител како дополнителен коректив на системот на истрага при кривични дела извршени од страна на вработени во Министерството за внатрешни работи при примена на полициски овластувања и од припадници на затворската полиција.

Се предвидува да се воспостави механизам за граѓанска контрола во состав на Народниот правобранител, како надворешно тело кое ќе има за цел да ја зајакне заштитата на човековите права во согласнсот со стандардите на Советот на Европа и други меѓународни стандарди.

За реализација на надлежноста која му се дава на Народниот правобранител-механизам за граѓанска контрола има право на:

- следење и мониторирање на начинот на постапување на сите инволвирани органи, организации и поединци,
-да ги разгледа сите списи на внатрешните полициски истраги и на другите внатрешни истраги спроведени од соодветен орган, со право на увид во предметите, пристап кон сите релевантни документи (медицинска документација, изјави на жртвите и сведоците, како и на сторителите и сл), обезбедување на материјални и вербални докази, спроведување на сопствени интервјуа со жртвите , сведоците и сторителите,
- да врши посети во органите, организациите, установите инволвирани во случаите и да ининицира ревизија на постапката пред надлежниот орган и Јавното обвинителство,
- правна поддршка на жртвите и нивните семејства,
- рано предупредување за одделни службеници,
- проактивно идентификување и адресирање на системските проблеми, и
- други мерки и дејствија со цел поефикасна и целосна истрага и заштита на жртвата.

Во состав на Народниот правобранител -механизам за граѓанска контрола учествуваат три надворешни членови од граѓанските организации кои треба да имаат докажано работно искуство во областа на човековите права, полициското право и правосудството. Изборот на организации го врши Собранието на Република Македонија, врз основа на јавен оглас, кој се распишува секоја година. Избраните организации номинираат по еден претставник за надворешен член во Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола, со мандат од една година. Народниот правобранител со номинираните лица склучува Договор за ангажирање со кој подетално се утврдуваат нивните права и обврски.

Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола покренува постапка по барање на странката-жртва или на член на неговото семејство, по иницијатива на претставници на невладиниот сектор, како и по сопствена иницијатива по добиени сознанија (допрен глас) за можни повреди на правата од член 2 и 3 од Европската конвенција за човекови права.

Предлогот ќе предизвика фискални импликации во Буџетот на Република Македонија, заради вработување на нови лица со искуство од полициското право, правосудството односно лица кои имаат познавање и искуство за водење на истраги, како и ангажирање на надворешни членови од страна на истакнати граѓански активисти за што треба да добиваат плата и паричен надоместок од Буџетот на Народниот правобранител.

**Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител е отворен за коментирање на ЕНЕР заклучно до 17.12.2017 година.**